ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-207/8**

**Дата: 03.12.2010**

**ДО**
**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Илинден за 2009 година.

При ревизијата беа земени во предвид препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година, при што е утврдено дека по најголем број од препораките е постапено. Делумно е спроведена препораката која се однесува во делот на Програмата за изградба реконструкција и заштита на локални патишта и улици, Програмата за урбанистички планови, Програма за јавно осветлување кои содржат конкретни оперативни задачи  без планирани финансиски средства по проекти. Исто така не е евидентиран дел од имотот на Општината, во тек е идентифкација на катастарските парцели.

За финансиските извештаи за 2009 година на сметката на основен буџет (637) на Општина Илинден изразивме мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста како и за усогласеност со закони и прописи.
Во Општина Илинден не се воспоставени интерни контроли во процесот на плаќање. Исплатени се надоместоци на членовите на советот во износ од 394 илјади денари спротивно на законските одредби.  Преку Агенција за привремени вработувања во месец декември  ангажирани се 23 лица со договори во кои не е одреден видот на работите кои треба да се извршуваат. Извршен е трансфер на средства во вкупен износ 1.017 илјади денари до невладини организации и спортски клубови врз основа на поднесени барања, без Програма од област на спортот и Програма за културни манифестации.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ________________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи кои се прикажани на страните од 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност со законските прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Илинден за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет(637) на Општина Илинден за 2004 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Илинден под 31 декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, изразено е негативно мислење, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Жика Стојановски, градоначалник во 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални

аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (637) на Општина Илинден за 2009 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на

интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 21.07.2010 до 30.07.09 и од 01.09.2010 до 03.09.2010 година кај Општина Илинден од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година. Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година.

**4. Наоди и препораки**

Неправилностите кои се предмет на овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и раководните лица на субјектот на 07.09.2010 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 12-207/4 од 27.10. 2010 година.
Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли во процесите**

4.1.1. При оценка на интерните контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање, што не е во согласност со член 5 и член 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и членот 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
Причина за овие ризици е немање пишани процедури со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација при плаќањата за набавените стоки, извршените услуги и работи.
Невоспоставената внатрешна контрола создава ризик од плаќања по некомплетна документација и повисоки расходи.

Воспоставувањето на контролни системи овозможува извршување на активностите на транспарентен, регуларен, економичен, ефикасен и ефективен начин.

Ревизијата не дава препорака бидејќи во 2010 година преземени се активности за надминување на состојбите и донесени се пишани процедури.

**4.2. Финансиски извештаи**

4.2.1. Од позицијата Основни плати и надоместоци на членовите на советот на Општина Илинден исплатени се средства спротивно на законските одредби во износ од 394 илјади денари. Средствата се исплатени за награди, исплаќан е надомест без намалување и кога советник не присуствува на седница, исплаќани се дневници за седници и учество на венчавки. Причината за исплата на надомест во целосен износ и кога советниците не присуствуваат на седница е поради тоа што претседателот на советот не доставува редовно извештај за присуство на седници.
Ваквите исплати не се во согласност со член 29-а од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, со кој е предвидено право на месечен надоместок за присуство на седници и патни и дневни расходи на членовите на советот кога се на службен пат.
Непримената на законот придонесува за ненаменско трошење на средствата и зголемени расходи.

**Препорака**
Градоначалникот како одговорно лице за извршување на буџетот да ги преземе сите законски мерки во негова надлежност исплатите на советниците да се усогласат со законските прописи.

4.2.2. Во 2009 година во Општина Илинден со статус на времени вработувања се ангажирани лица преку Агенција за привремени вработувања во текот на годината од месец јануари кога се ангажирани 13 лица, до месец декември 23 лица, односно од 43% до 77% во однос на вкупниот број на вработени.
Според Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Илинден од 2008 година систематизирани се вкупно 50 работни места, вработени на неопределено време вкупно се 31 лице, што значи дека во одделни месеци бројот на вработени лица во редовен работен однос и ангажирани преку Агенцијата за привремени вработувања го надминува бројот на предвидени работни места во актот за систематизацијата.
Во договорите не е предвиден видот на работите кои ќе ги вршат привремено ангажираните работници. Согласно законските одредби Агенцијата за привремени вработувања може врз основа на договор да отстапи работник и тоа за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска

работа, работа на проекти, неспецифични неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности.
За вработените преку Агенцијата за привремени вработувања не се однесува Законот за државни службеници кој обезбедува еднаквост, јавност и транспарентност при вработувањето преку јавен оглас, полагање стручен испит, рангирање на кандидатите според успешноста.
Вработувањето на лицата преку Агенциите за привремени вработувања остава простор за субјективно одлучување и не обезбедува фер конкуренција.
По овој основ за 2009 година направени се расходи во вкупен изннос од 4,013 илјади денари.

**Препорака**
Градоначалникот на Општината согласно потребите и можностите да врши вработувања на потребен број на лица согласно Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација, почитувајќи ги Законот за државни службеници и Законот за работни односи.

4.2.3. Во текот на 2009 година од позицијата Трансфери до невладини организации и Други трансфери направени се расходи во вкупен изнс од 1.017 илјади денари врз основа на поднесени барања до Општината од:
- здружениeто на литературни средби износ од 476 илјади денари, при што советот на Општината нема донесено Програма за културни манифестации за 2009 година, а претходно од барателот не е добиена и одобрена Програма за културни манифестации. Ова не е во согласност со член 61 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите.
- спортски клубови износ од 541 илјади денари, при што советот на Општината нема донесено Програма од областа на спортот за 2009 година со критериуми и постапка за реализација, нема извештаи од клубовите за исполнување на програмите и роковите утврдени во нив, што не е во согласност со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт, и нема објавено оглас за доделување на средствата, што не е во согласност со Статутот и Законот за локална самоуправа.
Недонесување на Програма за културни манифестации и Програма од областа на спортот за 2009 година и не објавување оглас за доделување на средствата, придонесува за намалена транспарентност во работењето, субјективно одлучување при избор на спортски клубови кои ќе добијат помош од Општината и остава простор за ненаменско користење на средствата.
Во текот на 2010 година од страна на Советот на Општината донесена е Програма за спортски активности.

**Препорака:**
- Општината доделувањето на средствата до здруженија, друштва и фондации, да го врши согласно Законот за здруженија и фондации, и

- Советот на Општината да донесе акт за постапката за реализација на трансфери на средства и начинот на отчет на спортските клубови за потрошените средства согласно Законот за спорт.

4.2.4. Од позицијата Други трансфери на ЈКП „Водовод„ по Одлука на Советот исплатен е вкупен износ 400 илјади денари за обртни средства. На овие средства, не им е даден третман на влог на Општината во јавното претпријатие, што може да има значајни последици во случај на трансформација на јавните претпријатија и утврдување на структурата на основачкиот капитал, а со тоа и губење на позициите како акционер или партнер во нивното менаџирање.

**Препорака**
Со оглед на тоа што Општината е основач на јавното претпријатие да се дополни Одлуката за доделување на средствата, а за износот на извршениот трансфер стручните служби да извршат евидентирање во сметководствената евиденција и во надлежен регистар.

4.2.5. Дел од имотот доделен со Решение за пренесување на право на сопственост за недвижен имот од Република Македонија на Општина Илинден врз основа на спроведен делбен биланс во 1999 и 2000 година, не е сметководствено евидентиран што не е во согласност со одредбите на членот 64 од Законот за локална самоуправа. Ова од причина што не е извршена идентификација на имотот бидејќи за дел од имотот нема број на катастарска пацела.
Поради тоа, искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2009 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и нивните извори.

Во тек е постапка за идентификување на овој имот, негова проценка и воведување во сметководствената евиденција.

**4.3. Користење на средствата согласно законските прописи**

4.3.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во 2008 и 2009 година во Општина Илинден, кои имаат влијание на финансиските извештаи за 2009 година, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки во делот на заедничките одредби за постапките за доделување на договор за јавни набавки, доделување на договор за работа, водење на досие за постапката за доделување на договорот за јавни набавки и тоа:

- не е воспоставена пракса во секоја одлука за јавна набавка да се назначуваат претседателот и членовите на комисијата за јавна набавка и нивните заменици и нема изјави за постоење/непостоење на судир на интереси потпишани од членовите на комисијата за јавни набавки, што не е во согласност со член 28 и член 173 став 11 од Законот за јавни набавки;

- при спровредување на постапките за доделување на договор за јавна набавка кај критериумот економски најповолна понуда најчесто користени елементи се: цената, начин и рок на плаќање, гаранција и квалитет (како еден елемент), рок на извршување на работите и референтна листа, кои елементи јасно не се дефинирани во огласот за доделување на договор за јавна набавка, нема објаснување во тендерската документација како ќе се вреднуваат и применуваат одделните елементи, што не е во согласност со член 161 став 3 и 4 од Законот и член 3 од Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови. Пресметување на бодови има само за елементот цена, а за другите елементи: начин и рок на плаќање, гаранција и квалитет, рок на извршување на работите и референтна листа, евалуирање се врши по логика согласно дадените бодови во тендерската документација.

Во 2010 година оваа состојба е надмината, со тоа што за секоја постапка за јавна набавка се формира посебна комисија, се потпишуваат изјави за судир на интереси и се дава објаснување како ќе се вреднуваат и применуваат одделните елементи.

4.3.2. Во 2008 и 2009 година спроведени се постапки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас во вкупен износ 1.056 илјади денари што имаат влијание на финансиските извештаи за 2009 година, што не е во согласност со законските одредби и тоа:

- набавка на масло за греење-екстра лесно ЕЛ за потребите на Општина Илинден за грејна сезона 2008/2009 склучен е договор на износ 237 илјади денари и за грејна сезона 2009/2010 склучен е договор на износ 300 илјади денари, што е спротивно на член 28 став 2, односно во Одлуката за јавна набавка нема наведено количина на масло за греење и не е извршена евалуација на понудите во согласност со член 140 од Законот;
- набавка на канцелариски материјал, склучен е договор на износ 212 илјади денари, не е извршена евалуација на понудите во согласност со член 140 од Законот;
- печатење на Монографија за Општина Илинден склучен е договор на износ од 307 илјада денари (со 50% авансно плаќање и 50% по испорака на Монографијата), што не е во согласност со член 49 став 2 и не е извршена евалуација на понудите согласно член 140 од Законот. Рок за извршување на работите е 30 дена од денот на воведување во работа. До 31.12.2009 година монографиите не се примени.

Во текот на 2010 година Комисијата за јавна набавка врши евалуација на понудите.

4.3.3. За извршени набавки на работи, стоки и услуги во 2009 година во вкупен износ од 2.235 илјади денари не се спроведени постапки со барање за прибирање на понуди, што не е во согласност со член 100 од Законот (Прилог 2 од Извештајот).

**Препорака:**
За сите набавки на стоки, работи и услуги субјектот да ги почитува законските одредби односно да спроведе постапка за набавка, имајќи ги во предвид одредбите од член 27 од Законот.

## 5. Ревизорско мислење

Врз основа на изнесеното во точките 4.2. а кои се однесуваат на исплати без соодветна документација и неевидентиран имот, ревизијата изрази резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на 31 декември 2009 година.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката основен буџет (637) на Општина Илинден на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката основен буџет (637) на Општина Илинден, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 29.11. 2010 година

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

ОПШТИНА ИЛИНДЕН

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2009** | **2008** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 92.426 | 104.737 |
| **Вкупно приходи** | | **92.426** | **104.737** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 13.841 | 11.326 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 805 | 784 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 35.948 | 29.329 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 1.656 | 1.162 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **52.250** | **42.601** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 40.176 | 62.136 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **40.176** | **62.136** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **92.426** | **104.737** |

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**

**СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 92.426 | 104.737 |
| **Вкупно приходи** | | **92.426** | **104.737** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 13.841 | 11.326 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 805 | 784 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 35.948 | 29.329 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 1.656 | 1.162 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **52.250** | **42.601** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 40.176 | 62.136 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **40.176** | **62.136** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **92.426** | **104.737** |

## ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

## ПРЕГЛЕД

## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **17.917** | **17.917** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **21.718** | **21.718** |
| Набавки | 21.718 | 21.718 |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **1.750** | **1.750** |
| Амортизација | 1.750 | 1.750 |
| Корекции по ревизија | | - |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **37.885** | **37.885** |

**Прилог 1**

**Резултати**

**од извршената ревизија на спроведување на препораките по конечниот извештај на овластениот државен ревизор од 2004 година за општина Илинден**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 10.1 | **Неправилна примена на акти** | | | |
| 10.1.1. | Програмата за уредување на градежно земјиште и Програмата за користење, одржување и изградба на јавно осветлување на подрачјето на општина Илинден не содржат конкретни објекти и активности односно улици, проекти, водоводи, траси со опис на потребните интервенции (пробивање на пат, асфалтирање, крпење на ударни дупки, реновирање на мрежа за улично осветлување и слично), како што не содржат и пресметковна вредност на средствата кои се потребни за предвидените активности.<br>Ако на ова се додаде и фактот што овие програми се донесени и усвоени на крајот од месец мај 2004 година, односно неколку месеци подоцна од донесувањето на буџетот | • Програмите да содржат конкретни проекти и активности, износ на потребните средства како би можело да се следи извршувањето на програмите и наменското користење на средствата.<br>• Да се изготвуваат извештаи за реализација на | делумно спроведена | Ревизорот:<br>-програмата за изградба реконструкција и заштита на општински патишта и улици содржи конкретни оперативни задачи и на наиво на активност вкупен износ, без финансики средстава поединечно;<br>-програмата за урбанистички планови е на вкупен износ со планирани активности без финансиски средства по планирани планови;<br>-програма за јавно осветлување содржи број на светилки и должина на линија по нм без поед |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1. ____________________________*
*2. ____________________________* ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | (што е спротивно на член 4-е од Законот на буџетите), се создава можност за тековно да се определуваат приорите без јасно утврдени критериуми и да се занемари принципот на наменско користење на средствата . Не се изготвени и не се усвоени извештаи за извршувањето на овие програми за 2004 година. | Програмите со цел да се запази принципот за отчетност и јавност во трошењето на јавните средства. | | фин средства и вкупен износ на финансиски средства За реализација на програмите се изготвуваат извештаи |
| | **10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела** | | | |
| 10.2.1. | Не е извршен целосен попис со состојба на 31.12.2004 година, односно не е извршен попис на паричните средства и обврските и не е изготвен извештај со што е постапено спротивно на член 33 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ова е резултат на немање на интерни акти за спроведување на пописот и неправилна примена на законските прописи. Како ефект од ова не е извршено усогласување на нивната вредност искажана во сметководството со фактичката состојба и не се превземени мерки согласно членовите 34 и 35 од истиот Правилник. Ова создава услови за погрешно проценување на билансните позиции, а со самото тоа и изготвување на погрешни финансиски извештаи. | Доследно да се применува Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници во делот на спроведување на годишниот попис со цел точно утврдување на состојбите на средствата и изворите, состојбата на обврските, потрошените материјали и | спроведена | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ситниот инвентар | | |
| 10.2.2. | И покрај тоа што се превземени активности за обезбедување имотни листи за објектите доделени како имот на општина Илинден согласно решението од Владата на РМ број 23-257/22 од 08.02.2000 година по делбениот биланс на РМ со општините, од Републичката управа за геодетски работи не се издадени имотни листи, поради што не се превземени мерки за утврдување на вредноста на објектите и нивно евидентирање во сметководствената евиденција. Неспроведувањето на решението придонесува да се нема реална состојба на средствата и изворите со кои располага општината. | • Да се обезбедат имотни листи од надлежните органи односно од Републичка геодетска упрва.<br>• Да се формира комисија од стручни лица која ќе има задача да ја утврди вредноста на објектите кои се сопственост на општина Илинден и одделението за сметководство да изврши евидентирање на истите во сметководствената евиденција; | делумно спроведена | Субјектот:<br>-постапка е почната поради тоа што за дел од објектите во решението нема КП, во тек е идентифкација на парцелите каде се лоцирани објектите, излезено е на терен од страна на Катастарот со лица од општината (извадени имотни листови за: општинската зграда, дом на културата, за спортска сала.<br>-има направено проценка од страна на Друштво за вештачење Ексинг во февруари 2007 година на објектите: општинска зграда и, ЦОУ село Илинден, Кадино, Миладиновци и ПУ во село Бунарџик, Текија, Мралино, Марино и Мршевци<br>-проценетата вредноста евидентирана е во сметководство |
| 10.2.3. | Општина Илинден располага со материјални средства како што се водоводи, патишта, улици и други објекти кои во сметководството на општината не се евидентирани на соодветните сметки пропишани со Правилникот за | • Да се преземат мерки и активности за евидентирање на локалните патишта и улици | спроведена | Субјектот:<br>Се што е капитална инвестиција се евидентира, а вонбилансно се евидентира кога нема имотен лист како: улици, патишта |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Во текот на 2004 година за изградба на објекти од овој вид има направено расходи во вкупен износ од 5,965 илјади денари кои не се соодветно разграничени и евидентирани како зголемување на вредноста на истите и истовремено зголемување на Државниот - јавен капитал.<br>Немањето на соодветна евидеција за состојбата на локалните патишта и улици е спротивно и на одредбите од членот 67 од Законот за јавни патишта (Сл.весник на РМ бр, 26/96......29/02).<br>И покрај претходно наведеното во Општина Илинден нема воведено евиденција на споменатите објекти, истото е резултат на една подолго применувана пракса.<br>Нереалното искажување на материјалните средства не дава права слика за состојбата на средствата и изворите | и други објекти кои припаѓаат на општината Илинден, и<br>• Да се воведе пракса за евидентирање на капиталните расходи на соодветните Конта за материјаните и нематеријалните средства и Државниот-јавен капитал. | | |
| 10.2.4. | За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба, реновирање и друг вид на вложување правниот субјект не води евиденција на позицијата Материјални средства во подготовка, што не е во согласност со Законот | Вложувањата во материјалните средства да се евидентираат на ставките за | спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________
*2.* ____________________ ____________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект, соодветно на тоа и да се евидентира зголемување на набавната вредност и деловниот фонд, при давање на истите во употреба | инвестиции во тек – градежни објекти, опрема и друго и по активирањето да се евидентираат од овие ставки на ставките за Материјални средства во употреба и истовремено да се изврши зголемување на Деловниот фонд. | | |
| 10.2.5 | На сметката Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции во текот на 2004 година евидентирани се промени во износ 722 илјади денари кои промени се по основ на издадени парични средства од благајната на Органот на вработени лица за вршење на набавки во готово.<br>Евиденцијата на овие промени на наведената сметка е во спротивност со Правилникот за содржината на сметките во сметковниот план за буџетските корисници и истите треба да се евидентираат на сметките Побарувања од вработените.<br>Подигнатите парични средства од сметката на | • Доследно да се примненува начелото на парично искажување на промените согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.<br>• Промените да бидат евиденитрани на соодветните сметки согласно | спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________
*2.* ____________________ ____________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Органот за потребите на благајната не се евидентираат како расходи во моментот на исплатата од сметката, туку истите се искажуваат како расходи во моментот кога документите за извршените набавки и исплати се приложуваат на обработка во сметководството. Ваквиот начин на евидентирање на промените е во спротивност со член 18 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, односно секој одлив од сметката не се искажува како расход согласно начелото на парично искажување на промените. Непочитувањето на законските прописи придонесува до нереално искажување на расходите, а со тоа и нереални финансиски извештаи. | Правилникот за содржината на сметките во сметковниот план за буџетските корисници. | | |
| 10.2.6 | Евидентирањето на обврските спрема добавувачите во сметководствената евиденција на општина Илинден е спротивно на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Обврските не се евидентираат во моментот кога настанал должничко доверителниот однос или кога е добиена фактура за извршена набавка на добра или за извршена услуга, туку се евидентираат во моментот кога се | Обврските спрема добавувачите да се евидентираат во книговодството кога настанал должничко доверителниот однос или кога е добиена фактура за извршена набавка на добра или за | спроведена | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | врши плаќање на истите. Ова е е резултат на една подолго применувана пракса и ненавремено доставување на документите. Ваквиот начин на евидентирање на обврските неможе да обезбеди реална состојба на обврските спрема добавувачите, задолженоста на општината и не може да се следи исплатата по основ на обврски од минати години (општина Илинден исплаќа фактури од 2002 и 2003 година). | извршена услуга. На тој начин, во секој момент општината ќе има реална слика за вкупната состојба на обврските спрема добавувачите. | | |
| **10.3.** | **Неправилности во искажување на приходите и расходите** | | | |
| 10.3.1. | Извршено е потценување на ставката Трансфери и донации во износ од 3,861 илјади денари поради што е прецената ставката Даночни приходи за истиот износ. Истото е резултат на погрешна примена на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за корисниците на буџетите. Имено, средствата кои се приход на сметката на Органот се дотации од сметката на Буџетот, но се евидентирани на истите приходни сметки на кои се евидентирани при нивната уплата на сметката на буџетот. Ваквиот начин на евидентирање создава нереална слика за остварените приходи по овие основи. | При евидентирањето на приходите правилно да се применува Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план за буџетските корисници и Правилникот за класификација на приходите. | спроведена | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10.3.2. | Позицијата Плати, наемнини и надоместоци е прецeнета во вкупен износ од 799 илјади денари поради:<br>- преценување на ставката Нето основни плати и наемнини во вкупен износ од 679 илјади денари и тоа :<br>а) за исплатените 120 илјади денари на име паушален надомест за Градоначалникот на основа одлука од 7.06.2001 година која е во спротивност со Законот за платите и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Законот за локална самоуправа, и<br>б) за исплатените надоместоци на Претседателот на Советот и советниците за одржани седници во износ од 559 илјади денари кои исплати се по одлука на Совет од 7.06.2001 година која не е усогласена со Законот за локална самоуправа и се во износи повисоки од утврдените согласно член 100 од истиот закон;<br>- преценување на ставката Придонеси од плати и персонален данок во износ од 120 илјади денари за повеќе платениот персонален данок по основ на повеќе исплатените паушали и надоместоци на | Да не се исплаќаат надоместоци за кои не постои законски основ, а за оние за кои постои законски основ да се исплаќаат во износи утврдени согласно член 100 до Законот за локална самоуправа. | делумно спроведена | Ревизорот:<br>Не се почитуваат законските одредби при исплата на надоместоците на советниците |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | градоначалникот, претседателот на советот и советниците од законски утврдените рокови. | | | |
| 10.3.3. | Во сметководствената евиденција на општина Илинден, на ставката Комуникација и транспорт искажани се расходи во износ од 240 илјади денари по основ фактури кон Мобимак за услуги во мобилната телефонија.<br>Покрај тоа што општина Илинден е корисник на три мобилни телефони, секој месец врши набавка на ваучери за 7 – 8 други мобилни телефони за кои во текот на 2004 година се потрошени 64 илјади денари, без да постои Одлука со која ќе се регулира потребата од набавка на истите и ќе се определат лица на кои ќе им бидат дадени на користење ваучерите.<br>Општина Илинден нема донесено акт со кој би се дефинирале критериумите кои лица може да користат службен мобилен телефон, месечниот износ кој би паднал на терет на расходите на општината и во кои случаи и за кого може да се врши набавка на ваучери, поради што ревизијата не се убеди во реалноста и објективноста за набавките на дополнително набавените ваучери.<br>Како ефект на ваквото работење се јавуваат нелимитирани трошоци по оваа основа и се нарушува принципот на наменско користење на | • Да се донесе интерен акт со кој ќе се одреди на кои лица им следува користење на службен мобилен телефон и во истиот да се прецизира за кое лице и кој износ на трошоци ќе ги надоместува општината. | делумно спроведена | Ревизорот:<br>Донесен е интерен акт кој не се спроведува |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | средствата. | | | |
| 10.3.4. | Од фактурите и сметкопотврдите за угостителски услуги во износ од 411 илјади денари не е можно да се утврди:<br>• за кого е услугата (гости од странство, од домашни институции);<br>• кој е корисник на услугата од општината и кога истата е извршена;<br>• сметкопотврдите од угостителските објекти најчесто се непотполни (нема дата,<br>број, за кого се однесува и слично, 65% од нив немаат фискални сметки).<br>Направени се расходи за репрезентација во износ од 30 илјади денари на основа приложени сметкопотврди од угостителски објекти од неколку градови низ Македонија кои сметкопотврди немаат прилог фискална сметка, освен печат и назив на издавачот не содржат никакви други податоци. За деновите кога се издадени сметките не постои патен налог за патување во наведените градови на некое лице вработено во општината.<br>Приложени се сметкопотврди за угостителски услуги во износ од 9 илјади денари од чии фискални сметки се согледува дека услугите се добиени во исти ден со временска<br>разлика од 30-40 минути. | • Надлежните служби да донесат интерни акти за регулирање на висината на средствата како и лицата кои можат да користат средства за репрезентација и во кои услови, со цел наменско користење на средствата, и<br>• Приложената документацијата да ги има сите неопходни елементи и едновремено да се применува член 10 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Илинден. | делумно спроведена | Ревизорот:<br>- донесен е интерен акт<br>- фактурите не секогаш имаат потребни прилози |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Извршените промени во сметководството врз основа на формално неисправни документи е во спротивност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 10 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Илинден.<br>Непостоењето на интерни акти и внатрешни контролни постапки придонесуваат за зголемување на трошоците и ненаменско користење на средствата. | | | |
| 10.3.5. | Ставката Други оперативни расходи е преценета во износ од 246 илјади денари поради што е потценет Вишокот на приходи над расходи за истиот износ и тоа:<br>• Поради исплата на јубилејни награди во вкупен износ од 136 илјади денари, на вработените по повод 8 години успешно работење на општината, и<br>• Исплата на еднократен паричен надомест на сите вработени во вкупен износ од 110 илјади денари.<br>Овие исплати се спротивни на член 56 од Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска | Исплатата на надоместоците да биде во склад со Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност. | спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | дејност (Сл весник на РМ 39/94 и 73/2001). | | | |
| 10.3.6. | Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на искажаните расходи на ставката Основно и специјално одржување во износ од 1,048 илјади денари поради некомплетност на приложените документи спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, а кои се однесуваат за исплата на ЈКП „Илинден“ од општина Илинден по основ на договори од 21.04.2004 година и тоа:<br>• 03-161/1 за чистење на јавни сообраќајни површини во износ од 363 илјади денари;<br>• 03-162/1 за расчистување на ѓубришта и диви депонии со утовар, транспорт и депонирање на отпад во износ од 323 илјади денари и<br>• 03-160/1 за одржување на паркови и озеленти површини во износ до 362<br>илјади денари.<br>Договорите не содржат податоци за вредноста на поединечните услуги или друг критериум врз основа на кои би можело да се изврши пресметка на вкупните расходи и<br>би се потврдила вредноста на договорот. Со приложените фактури нема доставено спецификација на извршените работи, цена на чинење, во кои денови е работено, нема потпис | | спроведена | Субјектот:<br>-ЈКП Илинден и од 02/2009 година ЈКП Водовод изготвуваат годишни Програми за работа кои ги усвојува Советот на општината<br>На почетокот на годината со ЈКП Илинден се склучува договори во кој се регулираат меѓусебните права и обврски и тоа за: јавна чистота, собирање на смет од домаќинства, јавно осветлување.<br>На крај на месецот ЈКП Илинден фактурира на општината, со прилог спецификација на извршени работи, на спецификацијата се потпишува лице кое контролира обично инспекциските служби. |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на овластено лице од општината дека работите се извршени.<br>Од страна на одговорно лице од ЈКП „Илинден“ беше објаснето дека утвредните вредности на договорите всушност е делот што општината треба да го плати на ЈКП „Илинден“ за остварување на соодветните годишни програми. Во наведените програми не постои критериум за утврдување на учеството на општината во извршувањето на пооделните програми како и ценовник по кој ќе се фактурираат извршените услуги.<br>Плаќањето и евидентирањето на некомплетни документи, кои не обезбедуваат доволно податоци за настанатите промени, придонесуваат за нереални трошоци и нереални финансиски извештаи. | | | |
| 10.3.7. | За искажаните расходи во износ од 501 илјада денари, на ставката Основно и специјално одржување ревизијата се оградува од реалноста на истите поради некомплетност на приложените документи, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за изградба на инвестициони објекти, (непотврдени документи од инвеститорот, немање договори, немање градежна книга,градежен дневник, доставени | • Евиденцијата на расходите, а со тоа и нивната исплата да биде на основа на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи кои би обезбедиле доволно податоци за потврда | спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1. __________________________*
*2. __________________________* ____________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ситуации за одредени активности без работни налози и доказ за извршени активности), прикажани во Прилог број 1 на овој Извештај. Плаќањето и евидентирањето на некомплетни документи, кои не обезбедуваат доволно податоци за настанатите промени, придонесуваат за нереални трошоци и нереални финансиски извештаи. | на настанот;<br>• Документите да се уредни: потпишани од надзорен орган, инвеститор и изведувач, да има обезбедено прилог градежна книга и градежен дневник;<br>• Договорите да содржат прецизни клаузули, трошоци, спецификации со кои ќе може да се следи извршувањето на договорот и да се објаснат можните отстапувања. | | |
| **10.4.** | **Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба** | | | |
| 10.4.1. | Во текот на 2004 година извршени се набавки на ситен инвентар (знамиња,опрема, ланци, навлаки за возило) во износ од 17 илјади денари кои не се евидентирани на соодветните сметки во сметководствената евиденција на општина Илинден.<br>Ова е од причина што Општина Илинден нема | • Надлежните служби да воспостават евиденција за набавката и давање во употреба и отпис на ситниот инвентар | делумно спроведена | Субјектот:<br>-не е воспоставена евиденција, се врши евидентирање/ задолжување со давање на реверс (се знае кај кого е или каде е ситниот инвентар), и<br>- не се прави попис на ситниот инвентар |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | соодветна сметководствена политика за евиденција на набавениот ситен инвентар како и давањето во употреба на истиот што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници иПравилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ова е резултат на долгогодишна пракса на неевидентирање на овие средства поради малите набавки на ситен инвентар. Лицата кои користат ситен инвентар не се задолжуваат со реверси со што се скратува можноста за следење на домаќинско користење на овие средства како и можноста за превземање мерки за надомест на штета поради злоупотреба на користењето на овие средства.<br>Со ваквиот начин на евидентирање на ситниот инвентар се нема увид во состојбата на залихите на ситен инвентар и ситен инвентар во употреба. | согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и<br>• Да се воспостави процедура на задолжувања и раздолжувања на лицата кои користат ситен инвентар (со реверси) заради домаќинско ракување со истите. | | |
| 10.4.2. | Во текот 2004 година извршени се набавки на опрема факс „Хагенук„ и книги кои набавки не се евидентирани како зголемување на ставките Опрема и Други материјални средства. Набавениот факс е вклучен во опремата со спроведениот попис и е точно пресметана исправка на вредноста за 2004 година.<br>Поради неевидентирање на извршените набавки | Службата за сметководство да изврши евидентирање на наведените средства на соодветните сметки за наведените износи. | спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | извршено е потценување на ставките Опрема во износ од 8 илјади денари, Други материјални средства во износ од 53 илјади денари и ставката Извори на капитални средства во вкупен износ од 61 илјади денари.<br>Неевидентирањето на материјалните средства е спротивно на Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници и придонесува за нереално искажување на состојбата на средствата и нивните извори. | | | |
| 10.4.3. | Ставките Краткорочни обврски за даноци и Активни временски разграничувања<br>во Билансот на состојба се потценети во износ од 22 илјади денари за непресметаниот и неплатениот персонален данок спротивно на Законот за персонален данок на доход, за направените расходи по основ на:<br>- набавка на козметички производи од „Орифлејм“ во износ од 6 илјади денари<br>за поклон на вработените по повод 8-ми Март;<br>- набавка на 14 пара дресови во износ од 8 илјади денари за кои не беше објаснето за што се набавени ниту на кого се дадени;<br>- исплата на 110 илјади денари за вработените во општината како еднократен паричен надомест со решение на градоначалникот 05-449/1 од 31.12.2004 година. | При исплати во пари или давања во стоки и услуги на физички лица по основи кои не се предвидени во ослободувањата согласно член 6 од Законот за персонален данок на доход, треба да се пресмета и плати персонален данок. | спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10.5.** | **Ненаменско и незаконско користење на средства** | | | |
| **10.5.1.** | **Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет/финансов план** | | | |
| | Од сметката на Органот направени се расходи во вкупен износ од 275 илјади денариза кои од буџетот на општина Илинден не е обезбеден потребниот износ на средства, а се однесуваат на следниве расходи:<br>- Комуникации и транспорт 30 илјади денари;<br>- Договорни услуги 15 илјади денари;<br>- Реконструкција и реновирање 230 илјади денари.<br>Направените расходи на овие ставки се во повисоки износи од средствата дотирани од сметката на Буџетот за конкретните намени, за кои Градоначаникот не предложил, а Советот не донел Одлука за пренамена на средствата.<br>На тој начин постапено е спротивно на член 33 од Законот за буџетите.<br>Ваквиот начин на работење создава улови за ненаменско трошење на средствата и можности за самостојно одлучување на Градоначалникот без одобрување од Советот. | За секоја пренамена на средствата потребно е да се донесе одлука од Советот согласно одредбите од Законот за буџетите. | спроведена | |
| 10.5.2. | Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки<br>- Не е спроведена соодветна постапка за јавни | | делумно спроведена | Ревизорот:<br>Со новиот Закон за јавни набавки сосотојбите се надминати, сепак |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 0набавки во вредност од 343 илјади денари (Прилог број 2).<br>- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката за набавките од мала вредност,<br>- Не се води посебна евиденција за малите набавки.<br>- Општината секогаш не постапува согласно член 22 од Законот за јавни набавки во смисла на утврдување на максималната цена потребна за вкупната набавка, над која не може да биде прифатена понудата.<br>Непочитувањето на Законот за јавни набавки придонесува да се фаворизираат одредени субјекти, ја елиминира конкуренцијата, придонесува за набавки по зголемени цени. | | | има набавки за кои не се спроведени постапки за јавни набавки |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ______________________